**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА „ВОКАЛНА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА“ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРИМЕНЕТА МУЗИКА ПРИ ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ЕУРОПА ПРИМА - СКОПЈЕ**

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за применета музика при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје, на седницата одржана на ден 12.07.2021 година, донесе Одлука со која не избра за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник по група предмети од областа **Вокална интерпретација** во сите наставно научни звања на Факултетот за применета музика.

На конкурсот за избор на наставници во сите наставно-научни звања по група предмети од областа **Вокална интерпретација**, објавен во весникот „Нова Македонија“ од 22 јуни 2021 година, се пријави и поднесе документација кандидатот: **м-р Ѓорѓи Цуцковски.** Заблагодарувајќи се на довербата, формираната Рецензентска комисија, во состав:

**Проф. д-р Александар Трајковски**,
**Проф. Дарко Мариновски** и
**Вонреден професор д-р Љупчо Коскаров**

врз основа на увидот во документите, има чест на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за применета музика при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје да му го поднесе следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

**НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ**

**Ѓорѓи Цуцковски - тенор**
Роден во Скопје 1982 година.

Дипломира на Факултетот за Музичка Уметност во Скопје со 10 Cum Laude во класата на проф. Билјана Јовановска со највисока оценка 10 Cum Laude. Во 2006 година му е доделена стипендија од страната на CEE Music Teather од Виена, Австрија каде тој специјализира оперско пеење кај професор Оливера Миљаковиќ .

2019 завршува мастер студии по оперско пеење кај Маестро Борис Трајанов на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Македонија.

Во периодот од 2010 до 2014 година е претседател на управниот одбор на Националната Опера и Балет како и уметнички директор на истата во периодот од 2014-2018, како и селектор на музичката програма на фестивалот Охридско Лето 2018 година.

Музичката критика во Македонија особено го поздравува неговиот ангажиран сценски влог и „движења кои ги претставуваат емоционалните промени кои ги следат карактерите.“

Неговото прво интернационално гостување: е во 2006 година во Teatro Comunalle Cosenza – Италија во улогата на Моностатос во Моцартовата Волшебната флејта. Учествувал на концерти во Хамбург и Берлин поповод Денови на македонскатакултуравоГерманијаво 2006 година, како и во Швајцарија, Австрија (ВиенскаФилхармонија–Musikverein, на хуманитарен концерт за децата во Етиопија 2007 година, јубилеен концерт на КМС Оливера Миљаковиќ 2009 година), Албанија, Србија, Босна, Русија, Португалија, Германија (концертна турнеја во Франкфурт), Италија (Концерт во Медеа за „Мир во Светот“ - 2009 година). Аспендос - Турција (со улогата на Војводата од Мантова во „Риголето“ од Верди во јуни 2010 година).

Во декември 2010 настапува во улогата на Алфред (Верди -Травијата) во Операта во Осака, Јапонија. Како Лебедот во „Кармина Бурана во Безие, Франција.

Во 2012 година Цуцковски настапуваше на концерт со Сливенска Филхармонија, Бугарија. Во 2013 со улогата на Војводата од Мантова на Вердиевиот Риголето во Националниот Театар во Белград, Србија и во Аспендос, Турција. 2013 гостување на МОБ со гала оперски концерт во Џакарта, Индонезија од кој Цуцковски е дел. Во април 2014 година Цуцковски настапи во Бугарија со Софиската Филхармонија, пееше Моцартов „Реквием“ и во јули 2014 година беше дел од два гала концерти со Дубровничката Филхармонија во Дубровник, Хрватска, а во Ноември настапи во Токио, Јапонија изведувајки ја ,,9-та симфонија’’ од Л.В.Бетовен.

Во 2015 година настапува во ,,Teatro Politeama Greco,, - Лече, Италија и ,,Teatro Verdi,, -Бриндизи, Италија во 8 престави какко Исмаил во Набуко и Пинкертон во Мадам Батерфлај. Во септември 2015 настапува на голем Гала концерт на ,,Belini festival,, во Античкиот Театар Таормина-Сицилија. Истиот месец зазема учество на голем Гала концерт ,,Corean National Art Center,, во Сеул, Кореа. Како Маурицио од Адријана Лекуврер оваа 2015 година настапува во Националната опера во Софија и Националната Опера во Варна.

2016 има соло рецитал во New York, С.А.Д. 2017 одржува солистички рецитал со престижната Шангајска Филхармонија, Шангај, Кина. Истата 2017 е добитник на златен медал на музички фестивал во Хи-Ан, Кина. 2018 одржува солистички рецитал во Авалино, Италија, потоа следува продукција на Набуко во TeatroCoccia во Новара, Италија, Моцарт Реквием во Белано- Лаго ди Комо Италија.

Цуцковски настапува во улогата на Пинкертон- Мадам Батерфлај на престижниот Пучиниев фестивал во Торе ди Лаго, Италија.

2019 Цуцковски одржува концерт со познатиот сопран Инва Мула во рамките на фестивалот Охридско Лето како и гала концерт со Истамбулскиот симфониски оркестар во Истамбул, Турција истата година.

Цуцковски настапувал во: Србија, Босна, Бугарија, Русија, Португалија, Германија, Австрија, Швајцарија, Италија, Албанија, Индонезија, Јапонија, Хрватска, Кореа, С.А.Д

На неговиот репертоар во Македонската Опера и Балет се улогите: Војводата од Мантова – Риголето, Рикардо – Бал под маски, Алфред – Травијата, Форесто – Атила, Габриел Адорно – Симоне Боканегра, Родолфо – Боеми, Калаф – Турандот, Луиџи – Плаштот, ДонХозе – Кармен, Едгардо – Лучија од Ламермур, Неморино- Љубовен напиток, Тамино – Волшебната флејта, Питер Квинт – Свртувањетона Шрафот, Џуџето во истоимената опера, Ајзенштајн – Лилјакот, Камијде Росион – Веселата Вдовица, Едвин – Војвоката на чардашот, Лебед – Кармина Бурана, Уриел – Ораториум, Тимотеј во операта од Р. Аврамовски – Лидија од Македонија Канио- Паљачи Туриду- Кавалерија Рустикана....

Цуцковски настапувал со еминентни странски диригенти како Џанлука Мартиненги, Валерио Гали..., а од големите имиња со кој ја делел сцената е Даниела Деси, Џована Казола и Цветалина Василева.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на приложената документација како и преку личниот увид во досегашната плодна и разновидна дејност на кандидатот, Рецензентската комисија констатира дека **м-р Ѓорѓи Цуцковски** со своите творечки и педагошки капацитети, целосно ги исполнува условите за избор во звањето **Доцент** по група предмети од областа **Вокална интерпретација** на Факултетот за применета музика при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима – Скопје. Рецензентската комисија овој Извештај и заклучоците во него му ги предлага на наставно научниот совет на Факултетот за применета музика.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

**Проф. д-р Александар Трајковски**

________________________________

**Проф. Дарко Мариновски**

________________________________

**Вонреден професор д-р Љупчо Коскаров**

________________________________

**Скопје**
**23.08.2021**